Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 113, 15 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област анестезиологија и реанимација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по предметот граѓанско општество” од доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на cad/cam во електротехника“ (интерна скрипта) од д-р Влатко Чингоски, вонреден професор на Електротехнички факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ” од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на скрипта под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум по фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ, Филолошки факултет,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37

**ПРИГОВОР** ........ 38

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР** ........ 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ПРАКТИКУМ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ЦАРИНСКИ ДОКУМЕНТ" ОД ДОЦ. Д-Р ДРАШКО АТАНАСОСКИ, АСС. М-Р СНЕЖАНА БАРДАРОВА И АСС. М-Р ОЛИВЕР ФИЛИПОСКИ

На 99. редовна седница на Наставно - научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Штип бев избран за рецензент на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ" од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски.

Благодарејќи на довербата имам чест да го поднесам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ" од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски претставува континуирана заложба на авторите да ја оформат потребната литература од областа на царината со цел да ја покријат наставната програма за реализирање на вежбите по предметот Царинска тарифа и царинска управна постапка. Практикумот има за цел да им помогне на студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа проблематика.

Од анализата на понудениот материјал може да се заклучи дека авторите доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски коректно, научно и стручно ја обработиле сложената и актуелна проблематика од областа на пополнувањето на единствениот царински документ, како и во поглед на пресметката на царинските давачки. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на царината. Затоа овој практикум сметаме дека е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

Овој практикум има двојно значење. Прво, од теоретски аспект ги наведува и објаснува основните царински документи кои се неопходни за вршење на царинење на стоката. Посебно се нагласува Единствениот царински документ и начинот на пополнување. Второ, во контекстот на успешно практично реализирање на царинењето на стоките е појаснета и улогата на единствениот царински документ во практиката (во поглед на начинот на пресметка на царинските давачки, преку разни примери и задачи).

Практикумот е подготвен за потребите на студентите од студиската програма Бизнис логистика при Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија и тој ги содржи сите предвидени содржини кои се опфатени во предметната програма Царинска тарифа и царинска управна постапка. Тоа значи дека од содржински аспект се опфатени тематски целини кои се однесуваат на постапка на царинење на стока (поднесување на царинска декларација, дејства по поднесување на царинската декларација, одбивање на декларацијата, прифаќање на царинската декларација, проверка на декларацијата и документите, коишто ја придружуваат царинската декларација), преглед на стоката (утврдување на количината и карактеристиките на стоката, земање на мостри, утврдување на вредноста, утврдување на други елементи - потекло, квоти, поволности, забрани ограничувања) и потврдување на декларацијата. Значајно внимание авторите на учебното помагало посветуваат на царинските документи (поим, видови и начин на пополнување) и нивната улога во царинската постапка, а особено е значајно последното поглавје кое се однесува на пресметката на царинските давачки.

Пресметката на царинските давачки е од теоретски и од практичен аспект многу значајно поглавје, бидејќи во нашата литература не постојат практични задачи за пресметка на царинските давачки. Затоа научната и практичната цел на авторите на учебното помагало била да оваа значајна и сè уште недоволно научно истражена проблематика кај

нас на систематичен начин да ја приближи до студентите, што е и главната содржина на ова значајно учебно помагало. Посебна вредност на оваа теоретска и практична разработка на царинските документи и давачки претставува методичноста, доследноста и систематичноста на авторите во разгледување на различните елементи на успешното царинско работење.

**МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ**

Практикумот од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски има исклучителна вредност затоа што тој ќе им овозможи на студентите од студиската програма Бизнис логистика да ги совладаат основните тематски целини кои се однесуваат на пресметките на царинските давачки и пополнувањето на единствениот царински документ-ЕЦД, со што ќе стекнат и основни сознанија за оваа мошне значајна и исклучителна област. Текстот на практикумот е стручно и стилски изедначен и едноставен за читање. Со прецизни и логички изразувања, со изразен методолошки пристап, авторите прикажале голем број прашања кои се релевантни за оваа широка и силно издиференцирана област на истражување.

Врз основа на изнесеното, имам особена чест на Научно - наставниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија да му предложам ова учебно помагало (практикум) со наслов „Практикум за пополнување на единствен царински документ" од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Ристе Темјановски, с.р.**